Мисија на Христоделфијаните за Библијата

**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 6

# ЦАРСТВОТО ОД БОГ

Кога Исус почнал да проповеда кај Евреите, многу пред неговото распнување, читаме дека ја проповедал добрата вест за Царството од Бог (Лука 8:1). Тоа било нешто кое што неговите слушатели можеле да го разберат, пред и да знаат што и да било за неговата смрт како жртва. Кога ги учел своите ученици да се молат, доаѓањето на Царството од Бог е едно од првите барања:

*"Наш Татко на небесата, да се свети името твое, царството твое да дојде, твојата волја да биде на земјава како што е на небесата."* (Матеј 6:9,10).

Што е тогаш Царството од Бог? Многу луѓе кои себе си се нарекуваат Христијани многу малку знаат за вистинското значење на овие зборови. Но ако е дадена таква важност од Господ Исус, во неговото проповедање и во неговото молење, мора исто така да е многу важно ние да разбереме за што тоа се молиме. Одоговорот е во самата молитва: "Твојата волја да биде на земјава", како што е сега на небото. Кога Царството од Бог ќе дојде, волјата од Бог ќе биде спроведена, и ќе биде видено дека е спроведена, на оваа земја. И ако ние мораме да се молиме за тоа, тоа значи дека со сигурност сеуште не е дојдена. Ќе дојде и мора да дојде, но само Бог ја има моќта тоа да го направи.

## Царството од Бог во минатото

На царство му треба цар, народ, земја и низа од закони, и е важно пред се да се разбере дека Царството од Бог веќе постоело во минатото. Царството кое е во доаѓање всушност нема да биде нешто потполно ново, туку едно старо царство, повторно основано. За да ја разјасниме важноста на ова ние мора да се навратиме на она што го кажавме во лекцијата 5. Кога Израелците го напуштиле Египет, тие избегале преку Црвеното Море и дошле кај Планината Синај во Арабија, каде Бог направил важен договор со нив, и им ги дал законите. Потоа ги донесол во земјата Ханајска, како што тогаш се викала. Така што таму имало народ, имало закони, имало земја.

Исто така имало и Цар - Бог лично. Ова може да биде видено во случката која се случила многу подоцна.

Дошло време кога Израелците посакале цар кој би бил како царевите од нациите околу нив - некој кого тие ќе можат да го видат, и кој ќе ги води нив во битка. Така тие дошле кај Самоил, кој бил судија и ги водел луѓето во тоа време, и го побарал тоа во нивно име:

*"Назначи цар да не води нас, каков што имаат и другите нации."* (1Самоил 8:5).

Самоил бил многу незадоволен, чувствувајќи се себе си за отфрлен, и дошол при Бог со молитва. Бог му рекол,"Не си ти кого тие го отфрлија како цар, туку мене," и тој му наредил на Самоил да го направи тоа што тие го барале. Тогаш Саул постанал цар над Израел.

Значи уште од нивното доаѓање во нивната земја, Бог бил нивни цар. Тој постојано ги надгледувал и им носел победи над нивните непријатели. Но затоа што бил невидлив, неговиот народ имал потреба да верува дека Тој навистина бил близу до нив. Овој недостаток на вера бил причината за на крај да дојде до пад на нацијата.

Гледаме, дека Царството од Бог постоело во тие далечни времиња; Саул, и царевите кои дошле после него, владееле со престолот од Господ. Давид, кој го наследил Саул како цар, изјавил:

*"Од сите мои синови - а Господ ми даде многу - тој го одбра мојот син Соломон за да седне на престолот од царството на Господ над Израел."* (1 Летописи 28:5).

По смртта на Соломон неговиот син Рехововам не успеал да ја одржи нацијата заедно, и царството било поделено на две, на северен дел на кое му било дадено име Израел и на јужен дел познато како Јуда. Сите цареви од Израел биле идолопоклоници, и по околу три стотини години ова северно царство било заземено од Асирија. Во Јуда, иако некои цареви, како Езекиа, верувале во Бог и се обидувале да ја сочуваат вистинската религија, народот сѐ повеќе и повеќе одел по патот на неевреите. Најпосле, како што Бог предупредил, Јуда исто така било однесено во ропство, во Вавилон, кој постанал моќен по ненадејното паѓање на империјата на Асирија.

## Царството од Бог повторно основано

Последниот цар кој владеел од "престолот на Господ" бил Зедекија, и кај него дошла порака од Бог, пророштво дека царството ќе биде превземено, но не засекогаш. Друг цар ќе дојде, кој со Бог повторно ќе го основа царството:

*"О слаб принцу од Израел кој не знаеш за почит, чии денови се дојдени, чие време за казна го досегна врвот . . . Симни го турбанот, извади ја круната . . . Јас ќе го уништам! Нема да биде обновено сѐ додека не дојде тој на кого по праведност му припаѓа; на него ќе му го дадам."* (Езекиел 21:25-27).

Кој е тоа, на когоќе му припадне престолот по праведност? Никој друг туку Господ Исус Христос! Ова е една од најважните врски помеѓу Стариот и Новиот Завет. Сега ќе се осврнеме на евангелието од Лука, на моментот кога ангелот Гавриел ѝ се покажал на Марија и ѝ рекол дека таа ќе забремени и ќе роди син, кој ќе биде Синот од Бог:

*"Ти ќе забремениш и ќе родиш син, и ќе му го дадеш името Исус. Тој ќе биде голем и ќе биде викан Синот од Севишниот. Господт Бог ќе му го даде престолот од неговиот татко Давид, и тој ќе владее над куќата од Јаков засекогаш; неговото царство нема да има крај."* (Лука 1:31-33).

Царството од Бог ќе биде повторно основано на земјава, по враќањето на Исус од небесата. Светот ќе има Цар кој ќе биде семоќен, кого сета земја ќе го слуша, цар кој најпосле ќе може да донесе мир во овој свет полн со проблеми. Бескорисно е да се надеваме дека владите од овој свет можат да донесат мир; само Исус може да го направи тоа. Ова царство кое е во доаѓање ќе биде старото царство на Израел, обновено.

Штом го разбереме ова, можеме да го видиме вистинското значење на прашањето кое учениците му го поставиле на Исус пред да ги напушти и замине во небесата:

*"Тој се покажувал пред нив во период од четириесет дена и зборувал за царството од Бог. . .Така што кога се сретнале, тие го прашале него, Господи, дали сега ќе го возобновиш царството на Израел?"* (Делата 1:6)

Сега можеме да видиме зошто Павле, кога пристигнал во Рим како затвореник, можел да им каже на Евреите:

*"Заврзан сум со синџириве заради надежта на Израел."* (Делата 28:20).

Царството од Бог за кое тој проповедал беше исто така "надежта на Израел". Царството од Бог за кое Христијаните мора да се молат нема да биде царство на небесата, или мисловна состојба на верниците; ќе биде старото Царство на Израел возобновено врз урнатините од сите царства кои постојат.

Пророкот Даниел имал визија, во која царствата од овој свет биле претставени со лик на човек, направен од различни метали, со стапала делумно од печена глина и делумно од железо. Ликот бил уништен од камен, кој постанал огромна планина и ја исполнил земјата. Објаснувањето на визијата било откриено од Даниел како:

*"Во времето на тие цареви, Бог од небесата ќе основа царство кое никогаш нема да биде уништено . . . Ќе ги скрши сите други царства и ќе ги донесе до нивниот крај, но тоа самото ќе опстои засекогаш."* (Даниел 2:44)

Со ова кажување како додатна поткрепа, ќе биде од корист сега повторно да ја прочитате воведната лекција. Во нашата наредна лекција ќе учиме за врската помеѓу Царството од Бог кое е во доаѓање и нашето лично спасение; за нашиот грев, и потребата од покајание.

## Заклучок

Царството од Бог за кое ние мора да се молиме ќе биде на земјава, старото Царство на Израел возобновено под водство на Господ Исус Христос при неговото враќање, и ќе ги замени сите царства кои постојат.

## Прашања

6.1 Дали порано имало Царство од Бог на земјава ?

6.2 Дали идното Царство од Бог ќе биде Царство на земјава? Кој ќе биде неговиот Цар?